*Повелба за правата на даночниот обврзник*

## ОД СЕКОЕ ПРАВО ПРОИЗЛЕГУВА И ОБВРСКА!

Како даночен обврзник вие имате и обврски кон Управата за јавни приходи. Од вас очекуваме:

- √ *Искреност и чесност во меѓусебната соработка.*
- √ *Навремено доставување точни и целосни информации, пријави, документи, известувања... потребни за утврдување на вашите даночни обврски.*
- √ *Навремено плаќање на долгуваниот данок во пропишаните рокови на начин пропишан со закон и овозможување увид во нив.*
- √ *Редовно известување за промените на вашиот назив, деловна или контакт адреса, правниот статус, жиро сметката и други податоци за вас.*

## ЗАШТИТЕТЕ ГИ ВАШИТЕ ПРАВА!

Ако сметате дека вашите права не се почитувани, или не сте задоволни од третманот или услугата од нашите вработени, може да не известите преку бесплатната телефонска линија 198 или со упатување на електронска пријава за непрофесионално однесување на вработен (подетални информации на www.ujp.gov.mk/mk/kontakt/centar)



Инфо центар 0800 33 000
е-Пошта info@ujp.gov.mk
www.ujp.gov.mk

Бр.10-7317/1, 12.12.2015 година

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПОВЕЛБА ЗА ПРАВАТА НА ДАНОЧНИОТ ОБВРЗНИК



*Твој данок, твоја иднина!*

## КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА КАКО ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК?

### ТАЈНОСТ И ДОВЕРЛИВОСТ

Заради заштита на вашите лични и деловни податоци ќе обезбедиме:

- √ Информациите што ги доставувате ќе се користат само за целите на УЈП.
- √ Објаснување зошто бараме определена информација, како ќе ја користиме и што ќе се случи ако ни ја доставите.
- √ Пристап до даночните информации што ние ги поседуваме за вас.

### ПРОФЕСИОНАЛНА И КОРЕКТНА УСЛУГА

Даночните службеници ќе ви обезбедат:

- √ Информации и помош за подобро да ги разберете и исполните вашите обврски.
- √ Коректен однос во контактите со нас.
- √ Објективен, праведен, непристрасен третман.
- √ Подеднаков третман на сите даночни обврзници.

Повелба за правата на даночниот обврзник

### ПЛАЌАЊЕ НА ТОЧЕН ИЗНОС НА ДАНОК

Даноците и припаѓаат на државата. Вие располагате со вашите средства и затоа имате право:

- √ Да го платите само оној износ на данок што го должите - ниту повеќе, ниту помалку.
- √ Да ви биде вратен повеќе или погрешно платениот данок или да го користите како однапред платен данок.
- √ За ненавремено враќање да ви исплатиме камата.

### ЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ

Времето е пари. Нашата заложба е да ви овозможиме:

- √ Навремена и точна обработка на сите информации што ги доставувате до нас.
- √ Навремено постапување по сите ваши барања во врска со даноците.
- √ Поедноставување на постапките и користење на средства кои ќе овозможат намалување на трошоците и за вас и за нас.

Повелба за правата на даночниот обврзник

### КОНТРОЛА НА ВАШЕТО РАБОТЕЊЕ

Изборот за контрола е според утврдени критериуми. Вршењето контрола на вашето работење не подразбира дека нечесно работите. Кога тоа е прифатливо:

- √ Ќе ве известиме за нашата намера за спроведување на контрола.
- √ Ќе ви ја објасниме постапката, опфатот, природата и траењето на контролата.
- √ Можете да присуствувате за време на извршувањето на контролата која се врши во просториите на УЈП или на терен.
- √ По завршувањето, навремено ќе ве известиме за резултатот од контролата и за понатамошните чекори.
- √ Право за поведување на управен спор против даночните - управни акти.

### ПРАВНА ЗАШТИТА

Ако сметате дека не се согледани или земени во предвид сите факти или дека по вашето барања не е постапено или било неправилно постапено, имате право:

- √ На судска заштита со поднесување на тужба.
- √ Информација или упатување каде и во кој рок може да поднесете тужба.